**ЗАПИСНИК**

Од Петтиот состанок на Меѓувладината мешовита комисија за заштита на националните малцинства помеѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска, одржан во Скопје, на 9 ноември 2021 година

Меѓувладината мешовита комисија за заштита на националните малцинства помеѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска (во натамошен текст: ММК), основана согласно Спогодбата помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, потпишана во Сплит, на 13 октомври 2007 година ( Народни новини - Меѓувладини договори, број 3/2008), го одржа својот Петти состанок на 9 ноември 2021 година во Скопје.

Делегацијата на Република Северна Македонија беше предводена од Фатмире Исаки, заменик министер за надворешни работи на Република Северна Македонија, додека делегацијата на Република Хрватска беше предводена од Звонко Милас, државен секретар во Средишниот државен уред за Хрвати надвор од Република Хрватска.

Прилог: состав на делегациите

Членовите на Комисијата се усогласија за точките од дневниот ред на Петтиот состанок:

1. Анализа на заклучоци и препораки од Четвртиот состанок на ММК;
2. Разгледување и донесување на препораки од Петтиот состанок на ММК;
3. Разно

Во текот на расправата за заемна заштита на малцинствата и за актуелни прашања во врска со положбата на македонското, односно хрватското национално малцинство, кои живеат во двете држави, Меѓувладината мешовита комисија се усогласи за следното:

1. Спогодбата помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, обезбедува соодветна правна заштита на правата на малцинските заедници и за подобрување на нивната положба.
2. ММК ги поздравува успесите постигнати во реализација на препораките прифатени на Четвртиот состанок на ММК, но, воедно утврдува дека еден дел од препораките уште не се реализирани и тие препораки остануваат во Записникот до нивната реализација.
3. Особено е истакната важноста од активно учество на претставниците на двете национални малцинства во работата на ММК.
4. Во интерес на двете страни е, членовите на соодветните ресори од двете делегации меѓусебно да комуницираат и во периодите пред одржувањето на состаноците на ММК и за тоа да ги информираат копретседавачите на ММК, заради нивното запознавање со динамиката на реализација на препораките и пронаоѓањето на решенија за нивно ефикасно остварување, како и предлагање на актуелни теми за идните состаноци.
5. Наредниот состанок на ММК ќе се одржи во 2022 година во Република Хрватска.

По расправата по сите точки од дневниот ред, членовите на ММК се усогласија да упатат до Владите на Република Северна Македонија и Република Хрватска, одреден број на препораки, како заеднички за двете држави, така и препораки за секоја држава поединечно.

## ПРЕПОРАКИ

## I

### Препораки за двете држави

Општи препораки

1. ММК предлага на хрватската страна да продолжи со преземање мерки за вработување на припадниците на македонското национално малцинство во органите на државната и јавната управа и предлага на македонската страна, да превзема ефективни мерки за вработување на припадниците на хрватското национално малцинство во органите на државната и јавната управа.
2. ММК поздравува што хрватската страна обезбеди застапеност на претставниците на македонското национално малцинство во претставничките органи на сите нивоа и предлага на македонската страна да, согласно член 9 од Спогодбата помеѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија, обезбеди застапеност на претставниците на хрватското национално малцинство.
3. ММК предлага државните органи и институции во двете држави во чија надлежност се малцинските прашања, да ја усогласат методологијата за прикажување на податоци и статистики со цел нивна полесна споредба. Државните органи на двете држави се упатуваат на меѓусебна комуникација и редовно известување за се што е сработено со задолжително доставување до копретседавачите.

Култура

4. ММК предлага на двете држави, во рамките на редовната работа на соодветните државни институции, да поддржуваат проекти од подрачјето на заштита и чување на историски места и материјално и нематеријално културно благо и историски места на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Северна Македонија.
5. ММК ја поздравува значителната поддршка на хрватската страна во изградба на Македонската православна црква во Загреб и предлага на македонската страна да најде начин за поддршка на Католичката црква во Скопје која има особено значење за хрватското национално малцинство.

## II

## Препораки до хрватската страна

Образование

1. ММК поздравува успешно одржување и настава по македонски јазик и култура за припадниците на македонското национално малцинство според моделот Ц и препорачува на хрватската страна продолжение на финансирање на летното школо за учење на македонски јазик во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

Култура

2. ММК ги поздравува досегашните активности на хрватската страна околу финансиска помош на македонските издавачи за издавање книги на хрватски автори во превод на македонски јазик како и на хрватските издавачи за објавување на книги на македонски автори во превод на хрватски јазик, заедно со откупување на тие книги за потребите на народни библиотеки во Хрватска и се предлага продолжува на таа активност.

Медиумско информирање

3. ММК поздравува издвојување на финансиски средства од Фондот за поттикнување на плурализмот на медиуми и разновидност на електронски медиуми за медиуми на македонски јазик, и тоа во соработка со претставници на македонското национално малцинство и предлага продолжување на помош до медиумите на македонското малцинство.

## III

## Препораки до македонската страна

Општи препораки

1. ММК предлага на македонската страна да, согласно член 2 од Спогодбата, обезбеди примерен правен статус на хрватското национално малцинство, при што е особено истакнато наведување на хрватското национално малцинство во Уставот на Република Северна Македонија.
2. ММК поздравува што на пописот на населението во Република Северна Македонија во 2021 година, припадниците на хрватското национално малцинство можеа индивидуално да се изјаснат за својот национален идентитет, што статистички се евидентира во посебен код во ткн. Долга табела на Заводот за статистика.

Образование

3.ММК го поздравува напредокот во осигурување на подобри услови и предлага на македонската страна и понатаму да обезбедува простор и материјални услови за одржување настава по хрватски јазик и култура, која ја изведува наставник упатен од Република Хрватска. ММК го поздравува вклучувањето на припадниците на хрватското национално малцинство во летните школи во организација на Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија и Агенцијата на иселеништво и предлага на македонската страна да обезбеди системско финансирање преку Агенцијата за остварување на правата на заедниците, на летната школа за учење на хрватски јазик, во организација на Заедницата на Хрвати во Република Северна Македонија во соработка со Агенцијата за иселеништво.

Култура

4.ММК поздравува што македонската страна го подобрува обезбедувањето на финансиска потпора на проектните активности во областа на културата и предлага да се продолжи и зголеми финансирањето на културните програми и проекти и да се обезбеди финансирање на малцинските заедници кои се носители на културна автономија на хрватското национално малцинство во Република Северна Македонија.

Медиумско информирање

5.ММК предлага на македонската страна да во соработка со Заедницата на Хрватите во Република Северна Македонија да започне соодветна застапеност на програми на хрватски јазик на МРТ, за да се обезбеди медиумска застапеност на хрватското национално малцинство. ММК го поздравува потпишувањето на Договорот за соработка меѓу МРТ и ХРТ, што ќе биде значен чекор кон подобра медиумска застапеност на програмите на хрватски јазик и хрватската национална заедница.

6.ММК ја поздравува финансиската потпора за издавање на списанието „Хрватска ријеч" и предлага на македонската страна да обезбеди натамошна и доволна финансиска помош за издавање на списанието.

Записникот е изготвен во два примероци, на македонски и хрватски јазик, при што и двата текста се содржајно веродостојни.

Во Скопје, 9 ноември 2021 година

Во име на македонскиот дел на ММК

Фатмире Исаки

Во име на хрватскиот дел на ММК

Звонко Милас

Петти состанок на Меѓувладината мешовита комисија за заштита на националните малцинства меѓу Република Северна Македонија и Република Хрватска
Скопје, 9 ноември 2021 година

Делегација од македонска страна:

1. Фатмире Исаки, заменик министер за надворешни работи и копретседавач на ММК
2. Слободан Близнаковски, директор на Агенцијата за иселеништво, член на ММК
3. Џелал Хоџиќ, заменик директор на Агенцијата за остварување на правата на заедниците, член на ММК
4. Маја Апостолова Балабурски, директор во МНР, член на ММК
5. Мустафа Муслиу, претставник на Министерството за образование и наука, член на ММК
6. Ненад Живковиќ, претставник на Заедницата на Хрватите во Република Северна Македонија, член на ММК
7. Атина Ничоска, началник на одделение, Директорат за билатерални односи со европски држави, МНР

Делегација од хрватска страна:

1. Звонко Милас, државен секретар во Средишниот државен уред за Хрвати надвор од Република Хрватска, претседател на хрватскиот дел на ММК
2. Нивес Тигањ, амбасадор на Република Хрватска во Република Северна Македонија
3. Д-р Милан Бошњак, советник со посебна положба задолжен за прашања на хрватското малцинство во Средишен државен уред, заменик на претседателот на хрватскиот дел на ММК
4. Дубравка Северински, началник на Секторот за правна положба, култура и образование на Хрвати надвор од Република Хрватска во Средишниот државен уред, секретар на хрватскиот дел на ММК
5. Глорија Божиновиќ, стручен соработник во Служба за правна положба, култура и образование на хрватското малцинство во Секторот за правна положба, култура и образование на хрватите надвор од Република Хрватска

6. д-р Ива Храсте Сочо, специјален советник на министерката за култура, Министерство за култура на Република Хрватска
7. Томислав Периќ, водител на Службата за Албанија, Косово и Северна Македонија, Управа за југоисточна Европа, Министерство за надворешни и европски работи на Република Хрватска
8. Томе Апостолоски, претставник на македонското малцинство во Република Хрватска, претседател на Советот за македонско национално малцинство на Град Загреб
9. Ален Тахири, директор на Канцеларијата за човечки права и правата на националните малцинства во Владата на Република Хрватска
10. Нандор Чапо, директор на Директорат за национални малцинства, Министерство за наука и образование на Република Хрватска
11. Иво Кујунџиќ, главен уредник на Програмата за Хрвати надвор од Република Хрватска на Хрватската радио-телевизија
12. Ана Вучиќ, втор секретар во Амбасадата на Република Хрватска во Република Северна Македонија